**„Е-НЕТ КОМ" - Кочани**
**Трговски Центар, Блок Б, Спрат**
**тел: 033/270-319**
**ж.с-ка: 210067931260167 - НЛБ Тутунска банка**
**даночен број: МК4013012508378**

# Барање
**за нов приклучок**

Број на барање: ____________/2015 Дата: __________
Тип на пакет: ________________
Начин на плаќање: ______________

## Податоци на барателот

Име и Презиме: ______________________________

Адреса: ____________________________________

Место: _____________________________________

Контакт телефон: ____________________________

Забелешка: _________________________________

## Податоци за локацијата

☐ Исто со локацијата на барателот

Лице за контакт: _____________________________

Адреса: ____________________________________

Место: _____________________________________

Контакт телефон: ____________________________

Барател:

______________

**ДОГОВОР**

**за обезбедување на услуга за Интернет пристап**

склучен во____________на ден ______________год.

помеѓу

**Е-НЕТ КОМ ДООЕЛ Кочани,** ул. Маршал Тито бб блок Б, 2300 Кочани, тел 033/270-319 **ЕДБ 4013012508378,** претставуван од Борче Пецов, УПРАВИТЕЛ, во понатамошниот текст интернет провајдер

и

____________________________, од ___________со место на живеење во ___________ на ул.__________________ бр.____, Општина________________ со ЕМБГ________________________ и тел.____________________ во понатамошниот текст како претплатник.

**Предмет на Договорот**

**Член 1**

Предмет на овој Договор е уредување на правата и обврските на договорените страни кои произлегуваат од склучувањето на овој Договор.

**Цел на Договорот**

**Член 2**

Цел на Договорот е засновање претплатнички однос за пристап кон јавна комуникациска мрежа на операторот, под услови утврдени со овој Договор со законот за електронски комуникации. Правилникот за видот и содржината на податоците што операторите на јавни комуникациски мрежи и/или давателите на јавни комуникациски услуги се должни да ги објават во врска со општите услови за пристап и користење, цените и тарифите и параметрите за квалитет на јавни комникациски услуги и други акти и прописи донесени врз основа на нив.

**Права и обврски на операторот**

**Член3**

Барањето за склучување на претплатнички договор се доставува на начин и образец пропишан од страна на операторот, во кој се наведени сите потребни документи кои барателот е должен да му ги достави на операторот.

Операторот треба во рок утврден од негова страна, во пишана форма да го извести подносителот на барањето за постоењето, односно не постоењето на техничка можност со наведување на причините за одбивање на барањето.

Врз основа на позитивно одговореното Барање од страна на КО за постоење на техничка можност за приклучување на Корисникот, КО се обврзува да изврши приклучување на Корисникот кон интернет мрежата во рок од 7 дена од потпишување на овој Договор со што на корисникот ќе му овозможи (односно нема да му попречи) квалитетен прием на сигнал непрекинато дваесет и четири (24) часа дневно.

Операторот на услугата е должен за времетраењето на овој договор да обезбеди квалитетна и редовна услуга и соодветна техничка поддршка за претплатникот што се однесува за користењето на услугата

Операторот на на услугата ќе обезбеди соодветна опрема со цел да го овозможи користењето на услугата. Опремата е сопственост на операторот на услуги и претплатникот нема право сам или преку трети лица да интервенира или ракува со истата на начин што може да ја оштети или оневозможи за користењето на услугата.

Доколку претплатникот или трето лице ја оштети или оттуѓи корисничката опрема или пак предизвика нејзина нефункционалност, претплатникот се обврзува да плати соодветен надомест во износ од 3050,00 денари.

Операторот на услугата ќе обезбеди неповредливост и заштита на тајноста на податоците што се пренесуваат преку неговата мрежа, како и сигурност, тајност и неповредливост на личните податоци на претплатникот во рамките на техничките можности.

Операторот на услугата има право да го оневозможи пристапот на услугата, доколку претплатникот не ги почитува одредбите од овој договор во случај на неовластена употреба корисничкото име и лозинката од страна на трети лица. Операторот на услугата соодветно ќе го извести претплатникот за тоа.

Операторот на услугата не превзема никаква одговорност за било каков непосакуван сообраќај или каква било штета причинета кај претплатникот од трети лица што настанала како последица од невнимателно, несоодветно или незаконско користење на услугата од страна на на претплатникот или пак непочитување на одредбите на овој договор.

Во согласност со своите деловни планови и технички развој, операторот на услугата има право да ги промени техничките карактеристики на мрежата и услугата, со цел да обезбеди подобар квалитет на услугата или да обезбеди нови услуги, но со претходно писмено известување до претплатникот.

Согласно пазарните услови и својата деловна политика, операторот на услугата има право да ги промени цените на услугите, начинот на тарифирање и други услови од овој договор за што претходно писмено ќе го извести претплатникот во рок од 30 дена пред воведувањета на промените.

Известувањето ќе ги содржи сите предложени измени во условите наведени во договорот, а првтплатникот има право во рок од 30 дена од денот на приемот на известувањето без последици да го раскине договорот доколку не се согласува со предложените измени.

Доколку операторот на услуги нв постапи согласно овој став, тоа не го ослободува претплатникот од неплаќање на пристигнатите и неплатените обврски или неисполнувањето на договорените обврски пристигнати пред извршените измени во условите наведени во договорот.

Операторот на услугата треба да обезбеди одржување на мрежата и опремата на начин на кој овозможува непрекинато обезбедување на услуги, во рамките на техничките можности да се отстранат било квкви пречки на мрежата и опремата во најкраток можен рок. Привремено прекинување на комуникациските услуги (мирување), на барање на претплатникот е според услови кои ги дефинира операторот.

Операторот не превзема одговорност за квалитетот на услугата интернет пристап, доколку претплатникот не обезбеди потребна комуникациска конфигурација и оперативен систем за правилно функционирањв на услугата, не одговара за

непосакуван интернет сообраќај кој настанал како последица на спам, вируси, поп-ап реклами и сл.

Брзината на пристап на интернет услугите може да зависи од повеќе фактори како што се: Брзината на веб сајтот на кој се пристапува, оптовареноста на глобалната мрежа, конфигурацијата на компјутерот на претплатникот и други фактори.

Доколку не може да се постигне максималната брзина дефинирана со пакетот (рекламирана брзина од 5Mbps, вистинска 4Mbps, минимална 4Mbps) операторот ќе ја испорача највисоката можна брзина.

Пријавувањето на технички пречки од страна на корисникот се врши: во писмена форма, во контакт цвнтарот на операторот на тел: 033/270-319, директно во просториитв на операторот или по пат на електронска пошта на службената e-mail адреса на операторот manager@e.net.mk

КО се обврзува дека по приклучувањето на корисникот на мрежа, ќе обезбеди редоено одржување на истата. Доколку настане дефект на мрежата,КО е должен да пристапи кон отстранување на дефектот во рок од 6 часа од неговото настанување,односно во рок од 12 часа доколку дефектот настане во времето од 20:00 до 06:00 часот наредниот ден.

.

**Права и обврски на претплатникот**
**Член 4**

Да добива квалитетно и непрекинато користење на услугите, во согласност со законот и правилата и прописите од оваа област во кои се утврдени стандардите за квалитет на јавните комуникациски услуги.

За користење на услугата претплатникот е должен редовно да ја плаќа месечната претплата за тековниот месец до 15-от календарски ден од истиот месец

На претплатникот му се доставува сметка за месечната претплата односно фактура за извршената уплата до 10-от ден од месецот за кој се однесува сметката. Во случај на непримање на сметка или фактура претплатникот е должен да се информира во службата за грижа на корисници на операторот на услугата и да побара изготвување на истата. Непримањето на сметка или фактура не го ослободува претплатникот од обврската да го плати долгот на време.

Претплатникот е должен да го извести операторот на услугата за било каква промена на името, адресата, правниот назив или статусот во рок од 10 дена од преомената.

Претплатникот има право да побара привремен прекин на обезбедувањето на услугата (мирување) за период не подолг од 2 (два) последователни месеци, но не и повеќе од еднаш годишно. При мирувањете претплатникот нв ја плаќа редовната месечна претплата, но времетраењето на договорот автоматски се продолжува за 2 месеци.

Да го почитува секое упатство и соопштение на операторот во поглед на користење на услугата и опремата.

Да се воздржува од било какви дејства што би ја довеле во опасност или би и нанеле штета на мрежата, да не се превзема било какви активности кои би го наружиле интегритетот на мрежата или нанеле штета.

Дека услугите на операторот че ги користи само за свои потреби и согласно нивната намена, да не вознемирува други корисници, како и дека нема да ја отстапува

услугата или некои нејзини делови на привремено или трајно користење на трети лица без претходно писменоодобрение од страна на опвраторот.

Да овозможи пристап до мрежната приклучна точка на терминалната опрема на овластени лица од операторот.

Да ги сноси трошоците за отстранување на дефекти на уредите, инсталацијата и мрежата предизвикани по негова вина.

Раскинување на овој договор не го ослободува претплатникот од плаќање на пристигнатите и неплатените сметки или исполнување на договорените обврски пристигнати пред извшените измени во условите наведени од овој договор.

Секој корисник може да добие информации за остварување на своите права на бесплатниот број на АЕК – "190".

Операторот треба на претплатниците да им ги врати наплатените париччни средства во следните случаи:

-во случај на привремено ограничување или прекин на пристапот до услуги, операторот врши враќање на паричните средства во делот на претплатата и надоместоците за дополнителните услуги за износ пропорционален на врвметраењвто кога услугата не била обезбедувана, доколку прекинот трае подолго од три часа. Пресметаниот износ, за целото времетраење на ограничувањата или прекините ќе биде одбиен во наредната фактура на сите претплатници кај кои постоело ограничување или прекин, без тоа да биде побарано од страна на претплатниците за фиксна комуникациска мрежа,

-во други случаи на основан приговор од страна на претплатникот за утврдена неточна обработка на податоци што доведува до зголемување на износот за користени електронски комуникациски услуги, доколку ги има намирено своите долгови, во висина на погрешното задолжување со вкалкулирана законска казнена камата;

-во случај на престанок на обезбедувањето на јавната комуникациска услуга не по вина на претплатникот, или во случај кога претплатникот го откажува натамошното користење на комуникациската услуга, операторот ќе изврши враќање на остатокот од паричните средства што биле депонирани однапред како аванс, месечната претплата, надоместокот за користење на дополнителните услуги, по подмирување на вкупниот долг на претплатникот.

**Преселување на претплатнички приклучок**

**Член 5**

Претплатникот може со писмено барање до операторот да побара преселување на претплатнички приклучок на друга адреса во рамките на јавната комуникациска мрежа. Доколку преселувањето технички не е можно, операторот во рок определен во неговите општи услови за пристап и користење на јавните комуникациски услуги ќе го извести за тоа претплатникот и ќе му овозможи претплатничкиот договор да го раскине согласно условите во договорот или пак да го отстапи на друго лице.

За преселување на приклучокот, претплатникот плаќа трошоци за инсталирање на приклучок на јавната комуникациска мрежа на адресата каде што се преселува, во согласност со ценовникот на операторот.

**Начин на плаќање**

**Член6**

Потпишувајќи го овој договор, претплатникот има обврска да плаќа месечен надомест од _________ денари (во зависност од избереиот пакет) за користење на

електронска комуникациска услига-интернет. Месечниот надомест, претплатникот може да го плати во пошта без провизија. Овој месечен надомест, претплатникот го плаќа за целото времетраење на договорот и тоа без разлика дали претплатникот го користи или не корисничкиот пакет, кој е предмет на овој договор.

Еднократниот надомест за монитрање и приклучување на електронските комуникациски услуги за корисниците се наплаќа веднаш по склучувањето на договорот во износ од _______денари.

Операторот може да ги менува условите од претплатничкиот договор по претходно известување на претплатникот.

1. Операторот треба да го извести претплатникот за сите предложени измени во услоеите наведени во договорот во рок не пократок од 30 дена пред воведување на измените, како и за правото дека во истиот период, без известување или последици може да го раскине договорот доколку не се согласува со предложените измени.

2. Известувањето за ставот 1 на овој член треба да биде во пишана форма и треба особено да содржи:

- Име или назив на претплатникот
- Адреса на претплатникот
- Претплатнички број
- Број на претплатнички договор
- Сите предложени измени на договорот
- Информација за правото дека без известување или последици може да го раскине договорот

Во случај на ненавремено плаќање, операторот има право:

- Да пресметува законска каматаод денот кога претплатникот задоцнил со плаќањето
- Да ангажира Агенција за наплата, овластена за побарување на доспеаните и неплатени средства од страна на претплатникот
- По претходно писмено известување до претплатникот да го ограничи пристапот до неговите услуги
- По претходно писмено известување до претплатникот да го исклучи претплатникот и да го раскине претплатничкиот договор
- По претходните преземените активности, да превземе активности за наплата на финанските побарувања по судски пат.

**Времетраење на Договорот**

**Член7**

Овој договор се склучува во времетраење од:

□ 2 години односно 24 месеци

□ неопределено време

од датумот на негоевото потпишување.

Операторот во рок не пократок од 30 дена пред истекот на задолжителното ереметраење на договорот писмено ќе го извести претплатникот дека му истекува истиот.По истекот на задолжителното времетраење на договорт истиот продолжува на неопределен временски рок согласно еажечкиот ценовник и понуда на операторот.

Договорот на неопределен временски рок, претплатникот може да го раскине во било кое време со поднесување на барање за раскинување на договор. Претплатникот може да го раскине претплатничкиот договор со операторот во секое време по претходно доставено барање за раскинување на претплатнички договор. Барањето се доставува до операторот во пишана форма.

Барањето треба да ги содржи најмалку следниве податоци:

- име или назив на претплатникот;
- матичен број за физички лица и даночен и регистарски број за правни лица;
- адреса на претплатникот;
- електронска комуникациска услуга (тарифен модел/ пакет/ претплатнички број и др.)
- датумот на раскинување на претплатничкиот договор, кој не може да биде пократок од 5 дена од денот на поднесување на барањето.

Договорот се смета за раскинат од двнот наведен во писменото барање.

Операторот не треба да одбие раскинување на претплатнички договор по барање на претплатник

Претплатникот може да го раскине истиот без да му бидат наплатени казнени пвнали за предвремено раскинување на договорот, само во случај кога операторот не ги исполнува обврските предвидени во претплатничкиот договор. Во овој случај покрај Барање за раскинување на Претплатничкиот Договор во кое претплатникот ги пишува своите податоци , потребно е да се наведе и причината за предврвмено раскинување на Претплатничкиот Договор.

Претплатникот и по раскинувањето на претплатничкиот договор ќе биде одговорен за плаќање на сите трошоци кои биле направени од негова страна, а кои евентуално се фактурирани со задоцнување или се фактурирани, а нв се платени од страна на претплатникот.

При раскинување на претплатничкиот договор, претплатникот треба да ги врати комуникациските средства во сопственост на опервторот во исправна состојба, која ја утврдува операторот при преземањето на средствата.

Договорот се смета за склучен и стапува во сила во моментот на потпишување на двете договорни страни и од активирањето на услугата од кога почнуваат да течат и обврските за плаќање на месечната претплата, како и другите надоместоци за користење на услугата.

**Раскинување на Договорот**

**Член8**

Претплатникот има право да го раскине договорот со операторот, лично или преку лице овластено со нотарски заверено полномошно со поднесување на писмено барање кое се доставува на пропишан образец на операторот, со доставување на сите информации и документи кои операторот ќе ги смета за потребни за престанување на претплатничкиот однос.

Доколку претплатникот сака да го раскине договорот пред истекот на времето за кое претплатничкиот договор е склучен, истото може да се направи доколку:

- Поднесе писмено барање за раскинување на договорот пропишан образец на операторот
- Ги има подмирено сите стасани финансиски обврски кои произлегуваат од претплатничкиот договор, претплатникот може да го раскине претплатничкиот договор со операторот во секое време со претходно доставено барање за раскинување на претплатничкиот договор

• Договорот се смета за раскинат од денот наведен во писменото барање. Операторот не треба да одбие раскинување на претплатнички договор по барање на претплатник.

• Ја плати договорената казна како обесштетување на предвремено раскинување на договор во износ од 4 месечни претплати во првата половина од договорот, во износ од 2 месечни претплати во втората половина од договорот.

• Ја врати дадената опрема за користење на операторот или да го извести операторот истата да ја демонтира.

**Измени на Договор**
**Член9**

Операторот има право да ги менува условите на овој договор, со претходно писмено известување на претплатникот во рок не пократок од 30 дена пред воведувањето на измените. Се смета дека претплатникот се согласил со промената на договорот доколку во рок од 30 дена од приемот на известувањето писмено не го извести операторот дека го раскинува договорот. Непримањето на вакво известување од причини за кои е одговорен претплатникот не го ослободува претплатникот од обврските кои настануваат како резултат од измените во условите на овој договор.

**Жалби, барања и приговори на претплатникот**
**Член10**

Претплатникот има право на неговите жалби, барања и приговори во врска со пристапот или обезбедување на електронските комуникациски услуги да бидат земени на разгледување и да се решаваат веднаш и ефикасно. Приговорот се доставува во писмена форма до операторот. Приговорот се поднесува во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката, односно од започнувањето на активноститв кои се предмет на приговорот. Во случај на поднесен приговор во врска со износот на фактурата-сметката, се до донесување на конечната одлука (доколку Претплатникот не поднесе барање за решавање на спор пред АЕК), ако има решавање пред АЕК тогаш одлуката на АЕК е конечна, Претплатникот е должен да го плати износот на месечната претплата до датумот наведен во сметката ао било кое продажно место на операторот или други достапни начини на плаќање од страна на операторот.Доколку претплатникот поднесе приговор до операторот, а потоа и барање за решавање на спор пред Агенцијата, ао ерска со износот на сметката, операторот не смве да го исклучи претплатникот сé до донесување на конечна одлука.

Операторот по поднесениот приговор треба да одлучи во рок од 15 дена од денот на приемот на пригиворот и за тоа писмено да го извести претплатникот. Известувањето треба да содржи детално образложение за причините за одбивање, односно прифаќање на приговорот, како и упатство за правото на претплатникот да поднесе барање за заштита на своето право до Агенцијата. Кон известувањето се приложуваат и соодветни докази (на пр.службена белешка за извршената техничка контрола и сл.)

Доколку претплатникот не е задоволен од донесената одлука по приговорот, има право во рок од 15 дена од денот на приемот на истата, да побара заштита на своето право пред Агенцијата.

Доколку операторот не постапи по приговорот во рокот од 15 дена, претплатникот има право да побара заштита на своето право пред Агенцијата во рок од 35 дена од денот на поднесувањето на приговорот до операторот.

**Виша сила**

**Член 11**

Користењето на услугата може да биде пречинато поради дејасто на Виша сила.

Виша сила претставува настан независен од волјата на договорните страни, чие дејство не можело да се спречи или предвиди и поради кое исполнувањето на правата и обврските од договорот станале отежнати или невозможни, вклучувајќи но не ограничувајќи се на природни настани, општествени настани (штрајк, немири, војни).

За времетраењето на настани на Виша сила, сите права и обврски помеѓу операторот и претплатникот регулирани со овој договор се ставаат на мирување, и тоа од моментот кога почнал настанот па се до неговото завршување.

**Завршни одредби**

**Член12**

Претплатничкиот договор претставува цвлосен и единствен договор помеѓу операторот и претплатникоти ќе преовладува над кој било писмен или усмен договор или комуникација со операторот или со негови застапници.

Делумно или целосно непочитување од страна на операторот на кое било од негоговите права што произлегуваат од овој договор нема да се смета за откажување од тоа право ниту пак го исклучува неговото користење во иднина.

Со потпишувањето на овој договор, претплатникот потврдува дека е запознаен и ги прифаќа општите услови на операторот кои се применуваат за сите околности кои нв се предвидени со овој договор. Непознавањето на условите не го ослободуваат претплатникот од одговорност за нивно непочитување.

Договорот влегува на сила на денот на негово потпишување од двете договорни страни

Евентуални недоразбирања кои ќе произлезат помеѓу претплатникот и операторот, а се во врска или произлегуваат од овој договор, договорните страни ќе се обидат да ги решат спогодбено, а ако во тоа не успеат, во случај на спор, надлежен е Основниот суд во Кочани.

- **Интернет пакет** ______________
- **Минимална брзина** download _____/ upload____ **(Mbps)**
- **Рекламирана брзина** download ____/ upload____ **(Mbps)**

Претплатник ____________________

Оператор ____________________

Е-НЕТКОМ